Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5 , член 29 став 3 и член 30 став 5 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014), а во врска со член 2 и 4 од Правилникот за утврдување на годишниот надоместок за надзор на пазарот ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2014), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 10.12.2014 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 0307-2694/1
10.12.2014 година

## ОДЛУКА

I

Се утврдува вредноста на коефициентот "К" која е еднаква на 1, за пресметка на висината на процентуалниот износ од вкупниот приход на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги заради определување на годишниот надоместок за надзор на пазарот за 2015 година.

II

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува сметано од 01.01.2015 година.

III

Оваа одлука е конечна .

**Образложение**

Согласно член 29 став 3 и член 31 став 5 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014), а во врска со член 2 и 4 од Правилникот за утврдување на годишниот надоместок за надзор на пазарот ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2014), вредноста на коефициентот "К" за пресметка на висината на процентуалниот износ од вкупниот приход на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги заради определување на годишниот надоместок за надзор на пазарот за 2015 година, се утврдува со одлука донесена од директорот на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2015 година, во рок од десет дена од денот на усвојување на годишната програма за работа.

Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година во чиј состав е и финансискиот план на Агенцијата за 2015 година е

усвоена од страна на Комисијата на Агенцијата по предлог на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 01.12.2014 година, како што е предвидено во член 11 од Закоот за електронските комуникации (Службен весник на РМ број 39/2014).

Финансискиот план за 2015 година содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за електронски комуникации за 2015 година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за 2015 година.

Според усвоената годишната програма односно финансискиот план за 2015 година вкупните планирани приходи по основ надоместок за надзор на пазарот изнесува 62.494.052 денари.

Вредноста на коефициентот е утврдена врз основа на планираниот приход за 2015 година по основ надоместок за надзор на пазарот и податоците со кои располага Агенцијата за електронски комуникации за вкупниот годишен приход на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги.

Врз основа на горенаведеното, согласно на член 24 став 1 алинеја 5 , член 29 став 3 и член 30 став 5 од Законот за електронските комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 39/2014), а во врска со член 2 и 4 од Правилникот за утврдување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенциите ("Службен весник на Република Македонија" број 161/2014), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации ја донесе оваа одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изработил: Дафина Пауновска

Проверил: Раководител на Одделение за правни работи
Вергим Шерифи

Одобрил: Раководител на Сектор за правни работи
Бојана Стефановска

Одобрил: Советник
Владимир Ристевски

**ДИРЕКТОР**

**Роберт Ордановски**